# ПОЛИТИКА ЗА ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

Пивара Скопје АД се грижи за здравјето на потрошувачите, нудејќи широк спектар на пијалаци со и без калории. Сите тие може да бидат дел од здравата исхрана.

Нашите пијалаци можат да се користат во различни прилики. Дополнително, Пивара Скопје АД поддржува и организира активности кои промовираат движење и физичка активност.

Пивара Скопје како дел од Coca-Cola Hellenic и Heineken обезбедува:

1. Широк спектар на пијалаци

А) Пивара Скопје ќе продолжи да ја шири понудата на пијалаци.

Б) Ќе продолжи да промовира нискокалорични и некалорични пијалаци.

В) Ќе нуди различни големини на пакувањата за да им помогнеме на потрошувачите да можат да го контролираат внесот на калории.

2. Зголемена информираност на потрошувачите

Пивара Скопје е посветена на комуникација која дава јасна слика за нутритивните вредности во пијалаците, обезбедувајќи етикети и промотивни материјали за потрошувачите да бидат добро информирани.

Пивара Скопје ја користи задната страна на етикетите за да обезбеди детална информација за калории, шеќер, масти, заситени масти, протеини и сол. Ова им овозможува на консументите да проценат за посакуваниот дневен внес на калории. Потрошувачите дополнителни информации можат да добијат на бесплатната телефонска линија која исто така е искомуницирана на задната страна на етикетата.

3. Одговорна продажба и маркетинг

Пивара Скопје не ги рекламира своите брендови од AFB портфолиото во основни училишта или таргетирани списанија за деца под 12 години. Исто така, Пивара Скопје не ги рекламира своите брендови од пивското портфолио во таргетирани медиуми за лица под 18 години.

4. Промоција на спортски и физички активности

Пивара Скопје активно развива, учествува и финансиски поддржува голем број на спортски активности и останати физички активности со цел луѓето да се охрабрат да внимаваат на својата балансирана исхрана и физичка активност. Пивара Скопје соработува со јавни институции и нутриционисти за едукативни програми и стимулирање на движење.

Исто така, Пивара Скопје ги едуцира и своите вработени да внимаваат на рамнотежата меѓу калориите кои ги добиваат од она што јадат и пијат и калориите кои ги трошат со движење.

Одговорноста за успешна имплементација на програмите е на сите вработени на Пивара Скопје, на сите нивоа.

## 5. Промоција на одговорна конзумација на пиво

Пивара Скопје АД активно работи на информирање и едукација на љубителите на пивото за потребата од одговорна консумација. Во општествено одговорната платформа на Пивара Скопје се интегрирани пораките: „Не вози доколку пиеш!“ и „Консумирај одговорно!“.

10.05.2021

**Ламбро Патче**
Менаџер за односи со јавност
Пивара Скопје АД